Врз основа на член 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

# УКАЗ
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јуни 2003 година.

Бр. 07-2986/1
24 јуни 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99 и 4/02), насловот пред членот 396 и членот 396 се менуваат и гласат:

"Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи

Член 396

(1) Тој кој што неовластено изработува, држи, продава, набавува или врши размена со огнено оружје, муниција или експлозивни материи,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(2) Ако предмет на делото од ставот 1 е поголемо количество на огнено оружје, муниција или експлозивни материи, или огнено оружје, муниција или експлозивни материи кои на граѓаните им се забранети,

сторителот ќе се казни со затвор

најмалку пет години.

(3) Предметите од ставовите 1 и 2 и средствата за нивно изработување, пренесување и растурање ќе се одземат."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".